

We provide solutions

el pharma

a PHOENIX company

Европа Лек Фарма е регионален лидер во Југоисточна Европа кој нуди услуги за странски партнери, како што се маркетинг, регистрација, консигнација, логистичка поддршка на клинички испитувања и дистрибуција. Како дел од германската групација PHOENIX, која е водечка веледрогерија во 26 земји ширум Европа, секојдневно придонесуваме за подобра и побезбедна здравствена услуга, опфаќајќи го целиот синџир на набавка во фармацевтската индустрија, од производителите на фармацевтски производи, сè до аптеките, докторите, болниците и пациентите.
За повеќе информации посетете ја групациската интернет страница www.phoenixgroup.eu или страницата на ЕЛ Фарма www.elpharma.com

Ве повикуваме да се приклучите на нашиот тим, на работно место

**ОВЛАСТЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ**

**Потребни квалификации:**

- IV - економски техничар или VII степен - економски факултет
- Задолжително: лиценца за овластен сметководител
- Минимум три години искуство на иста или слична позиција
- Искуство во практична работа во САП сметководствен систем ќе се смета за предност

**Обврски и одговорности:**

- Изработка на завршна сметка
- Известувања кон сите државни институции НБРМ (КИПО, ВС обрасци, НД обрасци), УЈП (ДБ, ДД-И), Статистика (ДВ.КВ.ИН, ТРГ.1 и сл.)
- Комплетно евидентирање на сите влезни, излезни фактури, увози и реекспорт
- Извршување и евидентирање на денарски и девизни изводи
- Изработка на ДДВ пријави
- Водење и сметководствено евидентирање на благајна
- Сложување аналитички картици со купувачите и добавувачите

**Потребни вештини и способности:**

- Познавање на MS Office
- Возачка дозвола Б категорија
- Организираност, прецизност и одговорност кон доверените работни задачи

Ние нудиме работа во амбициозен и професионален тим, каде ќе имате можност да ги унапредите вашите професионални вештини во динамична работна средина, и да бидете дел од интернационален бизнис кој е фокусиран на секојдневна грижа за здравјето на луѓето.

Работниот однос за оваа позиција првично се заснова на определено време од 3 (три) месеци, со можност за продолжување на договорот на неопределено време.  Дневното работно време на оваа позиција е 8 часа, со почеток од 08:00 до 16:00 часот. Неделното работно време е од понеделник до петок.

Доколку се пронајдовте во горенаведениот опис, пратета ја вашата пријава на e-mail: personal@elpharma.com.mk . Краен рок за пријавување е 16.02.2018год.

Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации во целост ќе бидат контактирани.

